

ЗАТОА ШТО ВРЕДИ

ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

VIENNA INSURANCE GROUP

ЗНАМ КОГА СУМ СИГУРЕН

ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Зошто ни е потребно доброволно здравствено осигурување?

- **Да не се ограничуваме каде можеме да ја добиеме соодветната здравствена услуга,**
- **Да имаме решение за финансискиот дел од справувањето со болеста.**

Одберете една или комбинација од три можности за приватно здравствено осигурување во зависност од вашите можности.

Здравјето заслужува соодветно осигурување, затоа што вреди!

- **ПРИВАТНО ВОНБОЛНИЧКО И БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ**
- **ОПЕРАЦИИ**
- **ТЕШКИ БОЛЕСТИ**



ПРИВАТНО ВОНБОЛНИЧКО И БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ (колективно и семејно)

- Во сите приватни здравствени установи во државата (специјалист, супспецијалист, амбулантни прегледи, лабораторија, поликлиника, болница, клиника и др.).
- Без ограничување на бројот на прегледи.
- Покриено е и второ мислење во случај на дијагностицирање на малигно заболување.
- Покриено е второ мислење и при најава за операција.
- Секој осигуреник добива персонализирана картичка.
- Организирана асистенција од осигуровачот за здравствените установи.
- Плаќање на полисата на рати и од плата.

КАКО СЕ КОРИСТИ?

• Рефундација на трошоци (сметки) од сите приватни здравствени установи во државата; или
• Фактурирање директно кон здравствената установа со која имаме склучено договор (листата редовно се ажурира на веб страната www.insumak.mk).

Покритие основни ризици	Здравствена услуга	Појаснување
Вонболничко лекување	Прегледи и дијагностика од лиценциран лекар специјалист	Приватни здравствени установи; амбуланта; рендген; магнетна резонанца; лабораториски анализи; компјутерско снимање; ЕКГ; ЕЕГ; ЕМГ; спирометрија...
	Трошоци за домашно лекување/дијагностика	Домашна посета
	Психијатриски услуги при интервенција во кризни ситуации	Преглед од психијатар
	Итни стоматолошки интервенции	Последица од несреќен случај
	Превоз со амбулантно возило	Неопходен
Болничко лекување	Сместување во болнички соби	Стандардни болнички соби и исхрана
	Лекарски преглед	Изведен од лиценциран лекар
	Хируршки интервенции	Операции
	Терапија / болничко лекување	Медикаментозна, рехабилитациска, инфузиона, инјекциска, физикална итн. и дневна болница
	Придружба од родител	Болничко лекување на дете до 14 години
Здравствена заштита на трудници	Основни гинеколошки и ултразвучни прегледи	Во тек на бременост
	Биохемиска пренатална дијагноза	Една
	Терапија во бременост	Од специјалист/ супспецијалист
	Породување	Природен пат
	Породување со царски рез	Медицински индициран

Пакетот основни ризици може да се комбинира со еден или повеќе дополнителни ризици:

Покритие дополнителни ризици	Здравствена услуга	Појаснување
Трошоци за лекови на рецепт	Лекови препишани од лиценциран специјалист според индикација	а не се на товар на Фондот
Физикална терапија	Постапки на физикална терапија во согласност со медицинската индикација	ординирана од страна на физијатар
Офтамолошки здравствени услуги	Специјалистички преглед	кај офталмолог
	Набавка на едни рамки за очила	при прво утврдување на нарушен вид или набавка на еден пар од само еден вид стакла за очила или контактни леќи.

ПРИМЕР:


	Осигурена сума и лимити на покритие	
Основни ризици	**5.000 EUR**	**10.000 EUR**
ВОНБОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ	**2.500 EUR**	**5.500 EUR**
Специјалистички прегледи и дијагностика	2.000 EUR	5.000 EUR
Трошоци за домашно лекување/дијагностика	100 EUR	100 EUR
Здравствени услуги поврзани со менталното здравје – преглед од психијатар	100 EUR	100 EUR
Итни стоматолошки интервенции поради несреќен случај	150 EUR	150 EUR
Неопходен санитетски превоз	150 EUR	150 EUR
БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ	**2.000 EUR**	**3.000 EUR**
ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ТРУДНИЦИ	**500 EUR**	**1.500 EUR**
Дополнителни ризици:		
ТРОШОЦИ ЗА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ	-	**300 EUR**
ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА	-	**500 EUR**
ОФТАЛМОЛОШКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	-	**250 EUR**

Кај колективното осигурување, формирањето на цената зависи од старосната структура на вработените, бројот на лица, и др.параметри.

Кај семејното осигурување и од индивидуалната оцена на ризикот во согласност со пополнетите прашалници за здравствено осигурување

ВО СЛУЧАЈ НА ПОТРЕБА НА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА, ЛЕКУВАЊЕ ИЛИ БОЛНИЧКА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Клиентот има неколку начини на користење на здравствената картичка



Здравствена картичка како "платежно средство":

- да се упати во една од здравствените установи со кои имаме склучено договор за покривање на трошоците,
- каде што ќе ја покаже картичката за здравствено осигурување и
- ќе може да добие услуга без плаќање на трошоците,
- а здравствената установа ќе регулира одобрување од „Македонија осигурување – Виена Иншуренс Груп".

Директно во приватна здравствена установа:

- да оди на преглед во приватна здравствена установа,
- каде што ќе ги плати трошоците
- и потоа со документацијата (пријава) на формулар, медицинска документација и фискални сметки
- ќе поднесе пријава за штета до „Македонија осигурување – Виена Иншуренс Груп" за надомест на трошоците.

Помош од осигурувачот:

- да се јави на контакт-телефонот на Асистентскиот центар на „Македонија осигурување – Виена Иншуренс Груп", **076 426 281** или
- на e-mail: **zdravstveno@insumak.mk**, од каде што ќе добие информација за здравствените установи со кои имаме склучено договор за покривање на трошоците и
- евентуално доколку сака, ќе му биде организирано закажување преглед.

ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СЛУЧАЈ НА ОПЕРАЦИИ

(Осигурувањето може да се склучи само на колективна основа)

- Хируршка интервенција (операција) или друга процедура поради болест или незгода како здравствена потреба.
- Исплата директно на осигуреникот.
- Без оглед дали операцијата во приватни или државни здравствени институции, во земјата или надвор:

- исплата на % (дефиниран процент) од осигурената сума за операцијата во согласност со табелата во Условите.;
- каренца е 4 месеци, во кои се исплаќа 50 % од договорената сума на осигурување;
- нема франшиза;
- можност за исплата во болниците каде што ќе се врши операцијата;
- исплата за повеќе различни операции, но не повеќе од договорената сума по осигуреник;
- за избрана комбинација на осигурување за случај на тешки болести и еден од пакетите за осигурување за случај на операции се пресметува 10 % попуст на вкупната премија;
- плаќање на полисата на рати и од плата.



Пред да се одлучите која полиса за осигурување (пакет) ќе ја договорите, разгледајте во Условите за осигурување.

Краток пакет	Пакетите се разликуваат по бројот на операции (Табела 1 и Табела 2 од ***Условите за осигурување***)
Проширен пакет	

ПРИМЕР

Покритие	**Операции (проширен пакет)**
Осигурена сума	**300.000 МКД**
Дијагноза	**воспаление**
Операција во согласност со Условите	**оперативно отстранување на слепо црево**
Процент од осигурената сума што одговара на дадената операција во согласност со Табелата во Условите	**20 %**
Исплата на штета	**60.000 МКД**

Формирањето на цената зависи од старосната структура на вработените.



ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СЛУЧАЈ НА ТЕШКИ БОЛЕСТИ

(Осигурувањето може да се склучи само на колективна основа)

Сериозните ситуации бараат сериозни решенија и некои одлуки треба да се донесат навреме и превентивно доколку имаме можности за тоа.

ИСПЛАТА НА ЦЕЛАТА ОСИГУРЕНА СУМА

Со дијаностицирање за првпат на една од следните 14 тешки болести:

1. малигни тумори;
2. мозочен удар;
3. инфаркт на миокардот;
4. коронарен артериски бајпас-графт;
5. хируршки третман на аорта;
6. хируршки третман на срцеви залистоци;
7. трансплантација на органи;
8. ХИВ предизвикан со трансфузија на крв;
9. инфекција со ХИВ во тек на извршување на професијата;
10. мултиплекс склероза;
11. Алцхајмерова болест;
12. Паркинсонова болест;
13. енцефалитис;
14. хронична бубрежна слабост.



ШТО ВИ ОБЕЗБЕДУВА ПОЛИСАТА?

- √ Исплата на договорената осигурена сума во целост.
- √ Осигурената сума е ваш избор при договарање, но сметаме дека не треба да е пониска од 150 000 МКД.
- √ Нема франшиза.
- √ За избрана комбинација на осигурување за случај на тешки болести и еден од пакетите за осигурување за случај на операции се пресметува 10% попуст на вкупната премија.
- √ Плаќање на полисата на рати и од плата

Каренца е 4 месеци, во кои се исплаќа 50 % од договорената сума на осигурување.

ПРИМЕР

Покритие	**Тешки болести**
Осигурена сума	**300.000 МКД**
Дијагноза	**рак**
Тешка болест во согласност со Условите	**малигни тумори**
Исплата на штета	**300.000 МКД**

Формирањето на цената зависи од старосната структура на вработените.



КАКО СЕ КОРИСТИ ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОПЕРАЦИИ И ТЕШКИ БОЛЕСТИ ВО СЛУЧАЈ НА ШТЕТА?

За пријава на штета, за сите продукти за здравствено осигурување потребно е да се пополни образец за штета и да се достави во прилог комплетна медицинска документација.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ ПОЛИСИ

Грижа за личните податоци

Нашата компанија води посебна грижа за личните податоци на клиентите. Во согласност со Условите и процесот на договарање, потребни ни се податоци што се однесуваат на вашата здравствена состојба и соодветно на тоа може ќе биде побарано да пополните одредени обрасци (во зависност од полисата и покритието).

Брошурата е од информативен карактер. За детали за покритијата и за некои исклучоци прочитајте во Условите за осигурување, коишто се објавени во целост на нашата интернет-страница www.insumak.mk.

Како до полиса?

На располагање се нашите овластени продавачи да ви помогнат во изготвување на понудата за осигурување и да ви направат необврзувачка пресметка.



ЗА МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

Ние сме **првата осигурителна компанија** во Македонија.
Постоиме уште од 1945 година, а низ годините бевме познати како ДОЗ, ЗОИЛ и КЈУБИ.

Денес „Македонија Осигурување“ АД Скопје е дел од Vienna Insurance Group (VIG) - успешна европска групација.

Она што нè издвојува од конкуренцијата е

- нашето искуство и експертиза,
- квалитетното осигурително покритие,
- навремена исплата на штети.

Услугите што ги нудиме се во рамките на **неживотното осигурување за физички и правни лица**:

- Имотни осигурувања
- Осигурување на лица од незгода (несреќен случај)
- Осигурување на моторни возила
- Осигурување транспорт
- Осигурување одговорност
- Патничко осигурување
- Доброволно здравствено осигурување



Ве очекуваме во нашата добропозната канцеларија во Скопје или во нашите подружници насекаде низ Македонија.

Нашите агенти, застапници и брокери се постојано на терен, достапни за сите ваши потреби за осигурување. Знам кога сум сигурен.

ЈАВЕТЕ СЕ И ПОБАРАЈТЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА НАШИТЕ ДРУГИ ПОЛИСИ:

2 3115 188

телефон на вашиот агент



СЕМЕЈНО ОСИГУРУВАЊЕ



ОСИГУРУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ВО ГРАДБА



ОСИГУРУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВО



ОСИГУРУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТ



ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДУСТРИЈА



ОСИГУРУВАЊЕ НА МАШИНИ



ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ



ПАТНИЧКО ОСИГУРУВАЊЕ



КАСКО-ОСИГУРУВАЊЕ



ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО



ОПШТА ОДГОВОРНОСТ



ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ



Важно: при пријава на штета чувајте ги сите документи поврзани со лекувањето, односно целата лекарска документација

Македонија Осигурување АД Скопје
Виена Иншуренс Груп

Ул. „11 Октомври“ бр. 25, 1000 Скопје

✉ www.insumak.mk
@ info@insumak.mk
f facebook.com/insumak.mk

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

VIENNA INSURANCE GROUP

ЗНАМ КОГА СУМ СИГУРЕН